Република
Северна Македонија

ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА 2022/2023 ГОДИНА

**Државен испитен центар**
**Автори:**
д-р Бети Ламева

м-р Тања Андонова-Митревска

Трајанка Аврамоска

Наим Демири

**Обработка на податоци:**

Билјана Коцева

**Лектура:**

Сања Јосифовска

# Содржина

Вовед ........................................................................................................................5

Законска основа за спроведување на државната матура.....................................5

Институции, органи и тела одговорни за реализацијата на државната матура ..7

Структура на државната матура .................................................................................8

Подготовка и реализација на државната матура ..................................................9

Општи информации за испитите во рамките на државната матура 2022/2023 12

Што се проверува со екстерните испити?...............................................................18

Резултати од анализата за психометриските карактеристики на задачите во јунските тестови за екстерните испити од државната матура 2022/2023 ..........23

Заклучни согледувања и препораки ......................................................................41

## Вовед

Во рамките на државната матура во учебната 2022/2023 година, преку екстерните испити се оценија постигањата на учениците на крајот од средното образование. Овој Извештај има цел да ги анализира и претстави добиените резултати, вклучувајќи ги тенденциите и предизвиците со кои се соочува државната матура, но и да го истакне значењето на овие резултати за учениците, училиштата и образовниот систем во целост.

Во текот на годините, државната матура постојано се подобрува истражувајќи нови начини за мерење на знаењето и вештините на учениците со цел – обезбедување објективни, релевантни и точни показатели. Резултатите од овие испити не само што ги одразуваат постигањата на учениците, туку служат и како важна информација за подобрување на образовниот систем во Република Северна Македонија.

Покрај претставувањето на резултатите од екстерните испити во државната матура, овој Извештај ќе ги истакне и импликациите за политиките во образованието и мерките за подобрување на учењето и оценувањето во иднина.

## Законска основа за спроведување на државната матура

Почитувајќи ја законската основа, односно согласно членот 2 од Законот за Државниот испитен центар, институцијата е самостојна во своето работење и е основана, покрај другите дејности, да организира, спроведува и да дава поддршка на екстерните оценувања и проверувања на постигањата на учениците во основното и средното образование.

Како одговорна институција за спроведување на државната матура, ДИЦ притоа користи и други законски одредби и правилници.

**Во постоечкиот Закон за средното образование,** испитите на крајот на четиригодишното средно образование се пропишани во:

- членот 33: „учениците во гимназиското образование полагаат државна матура или училишна матура“;
- членот 35: „по завршувањето на јавното стручно образование со четиригодишно траење, учениците полагаат државна матура или завршен испит“;
- членот 37: „учениците кои ја завршиле последната година во јавното уметничко образование полагаат државна матура или училишна матура според утврдени испитни програми“.

Во **Законот за високото образование,** членот 108, се регулираат условите и начинот на запишување студии во кој се вели: „на прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура“.

Испитите од државната матурата детално се регулирани во ***Концепцијата за државна матура, училишна матура и за завршен испит во јавното средно образование*.** Првата Концепција донесена во 2005 година од министерот за образование и наука претставува првиот официјален документ во кој се дефинирани моделите на испити на крајот од средното четиригодишно образование. Овој

документ е менуван и дополнуван во насока на негово подобрување. Во периодот од 2008 до 2012 година, државната матура се реализираше со два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача, а потоа се зголеми бројот на екстерните испити, односно се реализираа три екстерни испити, еден интерен и проектна задача. Присуството на пандемијата Ковид-19 и реализацијата на наставата од далечина поттикна донесување измени на **Концепцијата** со кои се пропиша државната матура да се реализира со два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача според кои се реализираше државната матура и во 2022/2023 година.

Со ***Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование*** се регулира начинот на полагање и оценување на постигањата на учениците на испитите од државната матура во гимназиското образование, стручното образование со четиригодишно траење и во уметничкото образование . Во членот 2 од овој документ е пропишано кој може да полага државна матура, односно: „Државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование (во натамошниот текст: државна матура) е испит со кој ученикот (во натамошниот текст: кандидатот) го завршува гимназиското, стручното или уметничкото образование. Државна матура може да полага кандидат кој ја завршил последната година на гимназиското, стручното, односно уметничкото образование. Државна матура може да полага и кандидат кој претходно положил училишна матура во гимназиското образование или училишна матура во уметничкото образование или завршен испит во стручното образование, но не во истата учебна година. Државна матура може да полага и кандидат кој полагал матура во рамките на програмата за меѓународна матура или друг вид завршен испит во средното образование со четиригодишно траење. Државна матура може да полага и кандидат кој завршил четиригодишно средно образование во странство и се здобил со нострифицирана диплома.“ Во овој документ е регулирано дека проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите на задолжителните и изборните екстерни испити од државната матура се врши екстерно со надворешни оценувачи.

Значењето и улогата на државната матура е појаснета во ***Стратегијата за образование 2018 – 2025,*** поточно во алинејата 94, во која стои: „Со државната матура се очекува да се обезбеди контрола на квалитетот во средното образование, следење на реализацијата на наставните програми, заокружување на средното образование со соодветна диплома и да ја помогне селекцијата за универзитетско образование.“

Во ***Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Македонија*** (2019 година), државната матура е оценета со највисоки оценки. Секако дадени се и препораки за подобрување, имајќи ги предвид светските трендови за ваков тип мерење и наставните планови и програми во јавното средно образование во РСМ.

## Институции, органи и тела одговорни за реализацијата на државната матура

**Државниот испитен центар**, согласно законските надлежности, е одговорна институција за реализација на државната матура и ги реализира следните активности:

- прибира податоци за кандидатите пријавени за полагање државна матура;
- изготвува тестови како мерни инструменти за сите екстерни испити;
- технички ги дизајнира тестовите за екстерните испити;
- реализира процес на печатење и пакување на испитниот материјал;
- распишува конкурс и прави избор на оценувачи на тестовите за екстерните испити од државната матура;
- реализира обука за оценувачите на тестовите;
- именува локални координатори и тестатори;
- реализира обуки за претседателите и секретарите на училишните матурски комисии, локалните координатори и тестаторите;
- подготвува „Водич за полагање државна матура“ и „Упатство за тестаторите за спроведување на државната матура“;
- го доставува испитниот материјал до училиштата и го презема по спроведувањето на испитите;
- ги подготвува и ги спроведува екстерните испити од државната матура;
- го организира и спроведува процесот на оценување на тест-книшките;
- врши внес на резултатите од тестовите;
- го организира и го спроведува процесот на приговори за екстерните испити од државната матура;
- изготвува анализа за психометриските карактеристики на тестовите како мерни инструменти за екстерните испити од државната матура;
- прави статистичка обработка на резултатите;
- ги доставува резултатите до училиштата;
- подготвува извештај за спроведена државна матура во тековната учебна година година.

Согласно Концепцијата, директорот на Државниот испитен центар, формира **Државна матурска предметна комисија** за секој од предвидените екстерни испити. Државната матурска предметна комисија е составена од претседател и најмалку два члена. Претседателот, по правило, е од редот на наставно-научниот кадар од универзитетите во РСМ, еден од членовите е советник во ДИЦ, а другите членови се средношколски наставници од соодветниот наставен предмет. Секоја државна предметна матурска комисија ги има следниве задачи:

- да го подготви испитниот материјал за испитот (одреден број испитни задачи, стандардизирани тестови на знаење според кои ќе се проверуваат знаењата и способностите на учениците);

- да подготви упатство за оценување на задачите;
- да учествува во определувањето на прагот на положеност на испитот и утврдувањето на границите на оценките од 1 до 5.

Во училиштата се формираат **училишни матурски комисии** кои во соработка со ДИЦ ги реализираат предвидените активности **како што се организацијата и спроведувањето на екстерните испити.** Секоја училишна матурска комисија (УМК) е составена од претседател, заменик-претстедател, секретар и членови. УМК може да има поголем број членови доколку училиштето изведува настава на повеќе наставни јазици, изведува настава во повеќе различни објекти или училиштето има подрачни училишта. По правило, претседател е директорот на училиштето и тој се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и севкупната организација на државната матура во училиштето.

Значајна улога во организација на државната матура има секретарот на УМК и неговите главни задачи се: прибирање пријави од кандидатите, внес на податоците од пријавите на кандидатите во базата на податоци, верификација на податоците од пријавените кандидати (со другите членови на УМК), обезбедување просторни услови (со претседателот на УМК), учество при прием и проверка на испитниот материјал (со претседателот на УМК).

Министерот за образование и наука го формира **Државниот матурски одбор** и ова тело е одговорно да:

- ги разгледува документите за организирање и спроведување на државната матура;
- ги разгледува годишните извештаи за спроведените матурски испити во гимназиското, стручното и уметничкото образование;
- предлага прагови на положеност до министерот за образование и наука за испитите кои се полагаат екстерно;
- врши други работи кои се во функција на унапредување на државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование.

Членови во ДМО се претставници од ДИЦ, МОН, БРО и универзитетите.

## Структура на државната матура

Во учебната 2022/2023 година, согласно ***Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование***, матурантите полагаат: два екстерни, два интерни испити и проектна задача. Поконкретно, според видот на образованието, следува структурата на на државната матура:

**Гимназиско образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература;
   - изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик или Германски јазик или Руски јазик).

2. Интерен дел
   - два изборни наставни предмети: се бираат од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура.
3. Проектна задача

**Четиригодишно средно стручно образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература;
   - изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик или Германски јазик или Руски јазик).
2. Интерен дел
   - изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура;
   - изборен наставен предмет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура.
3. Проектна задача

**Уметничко образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература;
   - изборен наставен предмет: странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик или Германски јазик или Руски јазик) или Филозофија/Естетика.
4. Интерен дел
   - изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура;
   - изборен наставен предмет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура.
2. Проектна задача

## Подготовка и реализација на државната матура

Подготовката на екстерните испити е детално опишана во документот ***Процедури за реализација на државната матура,*** кој е донесен од директорот на ДИЦ.

Испитниот материјал за екстерните испити се изготвува согласно пропишана стандардизирана постапка. Содржината на тестовите се темели на утврдени испитни програми, кои, пак, се базираат на наставните програми од прва до четврта година, според кои се реализира редовната настава во средните училиштата.

***Испитните програми*** се документи од јавен карактер од коишто училиштата, наставниците, учениците, родителите и сите други заинтересирани лица можат да ги добијат следните информации:

- која е општата цел на секој матурски испит,
- кои содржини се опфатени со испитот,
- кои се минимум потребните знаења за да се положи испитот,
- каква е структурата на тестот,
- на кое тежинско ниво се поставуваат прашањата во тестот,
- колкава е процентуалната застапеност на темите и содржините во тестот,
- опис на испитот и начин на оценување на постигањата на учениците.

Во овие документи, испитни програми, се дефинирани подрачјата и темите кои се појдовна основа за изготвување на испитните прашања и задачи. Согласно спецификациска шема, која се содржи во испитната програма, се одредува бројот на прашања и задачи со кои се проверуваат знаењата и способностите на учениците од конкретни подрачја/теми/содржини. Процесот на подготовка (составување) на испитните прашања и задачи го координираат советници (за соодветен екстерен испит) од Државниот испитен центар, кои истовремено се и членови на ДМПК.

По фазата на изготвување на испитните прашања и задачи и на тестовите (за екстерниот испит по мајчините јазици се пристапува кон усогласување на тестовите), следи превод, лектура, уредување, печатење, шифрирање и пакување. Одговорните лица од Државниот испитен центар во секоја од наведените фази ги почитуваат стандарните постапки пропишани во *Процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура.*

Во државната матура, екстерните испити се полагаат согласно утврдена структура и начин опишани во Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование и Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование.

По добивање на податоците за кандидатите кои се пријавиле да полагаат државна матура од секретарите на училишните матурски комисии (УМК), се пристапува кон внес на податоците според кои Државниот испитен центар креира протоколи, односно распоред на полагање по предмети, простории и кандидати.

Согласно *Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта за учебната 2022/2023 година* сите пријавени ученици – матуранти од нашата држава, екстерните испити, ги полагаат на ист датум и во исто време. Организирањето и спроведувањето на испитите се одвива според јасно утврдени правила и процедури. За кандидатите со посебни образовни потреби, во зависност од потребното прилагодување, се обезбедуваат дополнителни услови согласно прописите. Целокупниот испитен материјал се печати и пакува во ДИЦ.

На денот на испитот, ДИЦ најдоцна до 9:00 часот го доставува испитниот материјал (тестови, резервни тестови, баркодови, распоред на тестатори по простории) до секоја Училишна матурска комисија. Екстерните испити се полагаа во испитни простории (училници) за кои беа одредени тестатори кои се одговорни за почитување на предвидените правила. Согласно бројот на потребни тестатори, секое училиште до ДИЦ пријавува листа на вработени (од редот на вработените наставници и стручни соработници). Изборот на тестаторите се направи според однапред утврдени

критериуми. За тестатор не може да биде назначено лице за наставниот предмет кој го предава, ниту, пак, во училиштето во кое работи. Внесот на тестаторите се реализира електронски во посебно изготвен модул, со кој се врши и автоматска распределба на тестаторите по училишта и по испитни простории, креирање решенија и нивна дистрибуција.

И за учебната 2022/2023 година, тестовите за екстерните испити за ***државната матура*** се подготвуваа според скратени испитни програми подготвени од Бирото за развој на образованието.

Почетокот на сите екстерни испити е во 10:00 часот, но имаат различно времетраење кое е пропишано согласно испитната програма (испитите по мајчините јазици оваа испитна сесија траеја 210 минути, по странските јазици и Математика 180 минути, а испитите по Филозофија и Естетика по 150 минути).

Екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок се реализираа на:

- 27.5.2023 година – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература;
- 10.6.2023 година – Математика, Англиски јазик, Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик, Филозофија и Естетика.

Екстерните испити од државната матура во августовскиот испитен рок се реализираа на:

- 9.8.2023 година – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература;
- 11.8.2023 година – Математика, Англиски јазик, Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик, Филозофија и Естетика.

По реализацијата на државната матура и по објавувањето на резултатите на учениците, Државниот испитен центар го реализираше процесот на приговори и увид во тест-книшките.

По завршување на сите фази од реализацијата на државната матура, се пристапува кон анализа на психометриските карактеристики на тестовите со цел утврдување колку тие како мерни инструменти измериле знаења и способности кај учениците за да се добијат насоки за подобрување во изготвувањето на новиот испитен материјал.

Со сознанијата добиени од направените анализи, координаторите за екстерните испити (ДИЦ) ги информираат членовите на државните предметни матурски комисии (изготвувачите на прашања и задачи) и оценувачите за резултатите од направената анализа со цел давање насоки како да го подобрат квалитетот на испитните задачи и како да се обезбеди поголема стандардизација на тестовите. Тие се претставени во посебно поглавје на овој Извештај.

# Општи информации за испитите во рамките на државната матура 2022/2023

ДИЦ, како и во претходните години и во учебната 2022/2023 година беше подготвен за спроведување на државната матура согласно Планот и процедурите за организирање и спроведување на државната матура.

Во јунскиот испитен рок, во рамките на државната матура 2022/2023 година, се пријавија да полагаат вкупно 15620 ученици/матуранти, од кои 6750 од гимназиското образование, 8598 ученици од стручното образование и 272 ученици од уметничкото образование. Од пријавените матуранти 10816 се на македонски наставен јазик, 4447 на албански и 357 на турски наставен јазик. Во споредба со минатата година, забележано е зголемување на бројот на кандидатите за полагање државна матура во средното стручно и средното уметничко образование, а благо опаѓање на бројот на матурантите од гимназиското образование.

Бројот на пријавени кандидати кои полагале државна матура, распределени според наставни предмети (испити), е прикажан во табелата подолу.

**Табела 1:** Број на кандидати според испити во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (испит) | Бр. на пријавени кандидати | Бр. на присутни кандидати | Бр. на отсутни кандидати | Отсутни кандидати во % |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 10768 | 10539 | 229 | 2,13 |
| Албански јазик и литература | 4380 | 4149 | 231 | 5,27 |
| Турски јазик и литература | 357 | 345 | 12 | 3,36 |
| Англиски јазик | 13922 | 13443 | 479 | 3,44 |
| Француски јазик | 29 | 26 | 3 | 10,34 |
| Германски јазик | 122 | 119 | 3 | 2,46 |
| Руски јазик | 17 | 17 | 0 | 0 |
| Математика | 1397 | 1384 | 13 | 0,93 |
| Филозофија | 7 | 5 | 2 | 28,57 |
| Естетика | 81 | 78 | 3 | 3,70 |
| **Вкупно** | **31080** | **30105** | **975** | **3,14** |

Од пријавените кандидати, 975 односно 3,14 % биле отсутни на денот на испитот во јунскиот испитен рок.

Постојат повеќе причини за ваквата појава. Најчеста причина е слабиот успех постигнат во текот на средното образование, односно неподготвеноста на кандидатите да полагаат државна матура, поради што одлучиле да полагаат училишна матура или завршен испит. Појавата на отсутни кандидати се повторува и се зголемува неколку испитни сесии наназад и претставува предизвик за кој треба да се најде решение затоа што Државниот испитен центар подготвува испитни материјали за сите пријавени кандидати, што значи дека се трошат непотребно финансиски ресурси, а секако и човечки.

Имајќи предвид колку екстерни испити полага секој пријавен матурант, беа испечатени и спакувани вкупно 31044 тест-книшки за јунскиот испитен рок. Околу 10 %

повеќе од потребниот испитен материјал беше испечатен и спакуван како резервен испитен материјал за секој екстерен испит посебно. Вкупно испечатени и спакувани беа 34450 тест-книшки.

Генералното согледување е дека постигнатите резултати на кандидатите кои полагале екстерни матурски испити во јунскиот испитен рок се во рамките на очекувањата (средната оценка е 3,65) имајќи ги предвид резултатите од екстерните испити од државната матура од претходните години.

Во учебната 2022/2023 година со диплома за државна матура се здобиле вкупно 14845 матуранти, од кои 6540 од гимназиското образование, односно 97 % од пријавените гимназијалци се здобиле со диплома за државна матура; 8076 од стручното образование, односно 94 % од пријавените матуранти од стручното образование и 229 од уметничкото образование, односно 84 % од пријавените матуранти од стручното образование. Според јазикот на кој ја следеле наставата, 10 493 матуранти кои следеле настава на македонски јазик се здобиле со диплома за државна матура, 4027 на албански јазик и 325 на турски јазик.

Во учебната 2022/2023 година со диплома за училишна матура се здобиле вкупно 540 матуранти, од кои 276 на македонски јазик, 237 на албански јазик и 27 на турски јазик. Додека, пак, со диплома за завршен испит се здобиле вкупно 3046 матуранти, од кои 2162 на македонски јазик, 847 на албански јазик и 37 на турски јазик.

Без диплома во учебната 2022/2023 останале 450 матуранти, од кои 235 на македонски наставен јазик, 204 на албански наставен јазик и 11 на турски наставен јазик.

**Табела 2:** Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок по испит

| **Наставен предмет (испит)** | **Не положиле** | | **Положиле со оценка** | | | | | | | | **Средна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | |
| | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | |
| Македонски јазик и литература | 136 | 1,29 | 290 | 2,75 | 1397 | 13,26 | 5283 | 50,13 | 3433 | 32,57 | **4,10** |
| Албански јазик и литература | 90 | 2,17 | 165 | 3,98 | 1180 | 28,44 | 2488 | 59,97 | 226 | 5,45 | **3,63** |
| Турски јазик и литература | 121 | 35,07 | 5 | 1,45 | 29 | 8,41 | 101 | 29,28 | 89 | 25,80 | **3,09** |
| Англиски јазик | 894 | 6,65 | 2210 | 16,44 | 4607 | 34,27 | 4331 | 32,22 | 1401 | 10,42 | **3,23** |
| Француски јазик | 1 | 3,85 | 2 | 7,69 | 0 | 0,00 | 7 | 26,92 | 16 | 61,54 | **4,35** |
| Германски јазик | 0 | 0,00 | 4 | 3,36 | 8 | 6,72 | 8 | 6,72 | 99 | 83,19 | **4,70** |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 5,88 | 1 | 5,88 | 15 | 88,24 | **4,82** |
| Математика | 28 | 2,02 | 44 | 3,18 | 147 | 10,62 | 393 | 28,40 | 772 | 55,78 | **4,33** |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 100 | **5,00** |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 1,28 | 26 | 33,33 | 51 | 65,38 | **4,64** |
| **Вкупно** | **1270** | **4,22** | **2720** | **9,04** | **7370** | **24,48** | **12638** | **41,98** | **6107** | **20,29** | **3,65** |

При споредување на средните оценки по екстерните испити по предмети од државната матура, најдобар среден успех се забележува кај предметите кои ги полагале мал број матуранти, односно на испитите по Филозофија (5), Руски јазик (4,82), Германски јазик (4,7) Француски јазик (4,35), Математика (4,33), но и Македонски јазик и литература (4,10). Високите постигања на испитите по Германски јазик и Француски јазик се должат на фактот што најголем број од учениците кои се пријавиле да ги полагаат овие испити се дел од билингвалните паралелки, односно од паралелките во училиштата во кои наставата се реализира на германски, односно француски јазик. Странскиот јазик во наставните планови по кои учат тие ученици е застапен од 4 до 7 часа неделно.

Во јунскиот испитен рок од вкупниот број пријавени кандидати кои полагале – 8216 девојчиња и 7404 момчиња, на сите екстерни испити девојчињата имаат подобри просечни постигања од момчињата.

**Табела 3:** Просечни постигања на кандидатите во јунската сесија по пол и предмет

| | **Женски** | | **Машки** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број на кандидати кои полагале** | **Средна оценка** | **Број на кандидати кои полагале** | **Средна оценка** |
| Македонски јазик и литература | 5544 | 4,26 | 4995 | 3,92 |
| Албански јазик и литература | 2309 | 3,77 | 1840 | 3,44 |
| Турски јазик и литература | 175 | 3,15 | 170 | 3,04 |
| Англиски јазик | 7275 | 3,44 | 6168 | 2,99 |
| Француски јазик | 17 | 4,52 | 9 | 4 |
| Германски јазик | 83 | 4,79 | 36 | 4,56 |
| Руски јазик | 15 | 5 | 2 | 3,5 |
| Математика | 625 | 4,48 | 759 | 4,2 |
| Филозофија | 4 | 5 | 1 | 5 |
| Естетика | 28 | 4,75 | 50 | 4,58 |

Од податоците во табелата се согледува дека бројот на девојчињата е поголем од момчињата во скоро сите екстерни предмети, освен Естетика, како и дека девојчињата имаат повисоки постигања на сите екстерни испити. Најизразена разлика во постигањата има за екстерните испити по Македонски јазик и литература, Англиски јазик и по Француски јазик.

Во четирите табели кои следуваат, дадени се просечните постигања на учениците и дистрибуцијата на оценки по предмет и вид на образование.

**Табела 4:** Просечен процент на решеност на тестот по вид на образование и предмет

| предмет | гимназиско | | стручно | | уметничко | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | P | N | P | N | P |
| Македонски јазик и литература | 4609 | 78,96 | 5709 | 71,48 | 221 | 73,14 |
| Албански јазик и литература | 1747 | 68,36 | 2369 | 66,3 | 33 | 67,78 |
| Турски јазик и литература | 212 | 64,93 | 133 | 45,07 | | |
| Англиски јазик | 5464 | 67,29 | 7810 | 60,3 | 169 | 62,63 |
| Германски јазик | 109 | | 8 | | 2 | |
| Француски јазик | 22 | | 4 | | | |
| Руски јазик | 7 | | 10 | | | |
| Математика | 976 | 85,52 | 408 | 71,84 | | |
| Филозофија | | | | | 5 | |
| Естетика | | | | | 78 | 81,75 |

**Табела 5:** Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок по испит во гимназиското образование

| Наставен предмет (испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Сред-на оцен-ка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 17 | 0,37 | 46 | 1,00 | 293 | 6,36 | 2146 | 46,56 | 2107 | 45,71 | 4,36 |
| Албански јазик и литература | 36 | 2,06 | 46 | 2,63 | 457 | 26,16 | 1091 | 62,45 | 117 | 6,70 | 3,69 |
| Турски јазик и литература | 49 | 23,11 | 4 | 1,89 | 13 | 6,13 | 73 | 34,43 | 73 | 34,43 | 3,55 |
| Англиски јазик | 183 | 3,35 | 642 | 11,75 | 1756 | 32,14 | 2017 | 36,91 | 866 | 15,85 | 3,50 |
| Француски јазик | 1 | 4,55 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 27,27 | 15 | 68,18 | 4,55 |
| Германски јазик | 0 | 0,00 | 3 | 2,75 | 6 | 5,50 | 7 | 6,42 | 93 | 85,32 | 4,74 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 14,29 | 1 | 14,29 | 5 | 71,43 | 4,57 |
| Математика | 8 | 0,82 | 10 | 1,02 | 70 | 7,17 | 246 | 25,20 | 642 | 65,78 | 4,54 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | 294 | 2,24 | 751 | 5,71 | 2596 | 19,75 | 5587 | 42,50 | 3918 | 29,80 | 3,92 |

**Табела 6:** Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок по испит во средното стручно образование

| Наставен предмет (испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Сред-на оцен-ка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 118 | 2,07 | 239 | 4,19 | 1073 | 18,79 | 3003 | 52,60 | 1276 | 22,35 | 3,89 |
| Албански јазик и литература | 53 | 2,24 | 118 | 4,98 | 717 | 30,27 | 1373 | 57,96 | 108 | 4,56 | 3,58 |
| Турски јазик и литература | 72 | 54,14 | 1 | 0,75 | 16 | 12,03 | 28 | 21,05 | 16 | 12,03 | 2,36 |
| Англиски јазик | 693 | 8,87 | 1548 | 19,82 | 2799 | 35,84 | 2254 | 28,86 | 516 | 6,61 | 3,05 |
| Француски јазик | 0 | 0,00 | 2 | 50,00 | 0 | 0,00 | 1 | 25,00 | 1 | 25,00 | 3,25 |
| Германски јазик | 0 | 0,00 | 1 | 12,50 | 2 | 25,00 | 1 | 12,50 | 4 | 50,00 | 4,00 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 10 | 100 | 5,00 |
| Математика | 20 | 4,90 | 34 | 8,33 | 77 | 18,87 | 147 | 36,03 | 130 | 31,86 | 3,82 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | 956 | 5,81 | 1943 | 11,81 | 4684 | 28,47 | 6807 | 41,38 | 2061 | 12,53 | 3,43 |

**Табела 7:** Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок по испит во уметничкото образование

| Наставен предмет (испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Сред-на оцен-ка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 1 | 0,45 | 5 | 2,26 | 31 | 14,03 | 134 | 60,63 | 50 | 22,62 | 4,03 |
| Албански јазик и литература | 1 | 3,03 | 1,00 | 3,03 | 6 | 18,18 | 24 | 72,73 | 1 | 3,03 | 3,70 |
| Турски јазик и литература | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Англиски јазик | 18 | 10,65 | 20 | 11,83 | 52 | 30,77 | 60 | 35,50 | 19 | 11,24 | 3,25 |
| Француски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Германски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 100 | 5,00 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Математика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 100 | 5,00 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 1,28 | 26 | 33,33 | 51 | 65,38 | 4,64 |
| **Вкупно** | 20 | 3,94 | 26 | 5,12 | 90 | 17,72 | 244 | 48,03 | 128 | 25,20 | 3,85 |

Доколку се разгледа просечната решеност на секој од екстерните тестови од државната матура од јунскиот испитен рок, односно дистрибуцијата на оценки според видот на образованието, генерален заклучок е дека просечните постигања на матурантите од гимназиското образование се повисоки од оние од стручното образование во сите наставни предмети. Ова е и за очекување затоа што учениците од гимназиското образование работат според други наставни планови и програми во кои предметите од државната матура се застапени со повеќе часови. За да се надмине овој проблем што поскоро треба да се реализира *Концепцијата за испити на крајот на четиригодишно средно образование* (изготвена во 2021 година) во која завршните испити се конципирани според видот на образованието.

Во августовскиот испитен рок, за полагање на испитите пријавени се 1314 кандидати, од кои 365 од гимназиското образование, 920 од средното стручно образование и 29 кандидати од средното уметничко образование.

**Табела 8**: Пријавени кандидати според испит во августовскиот испитен рок

| **Испит** | **Бр. на пријавени кандидати** | **Бр. на присутни кандидати** | **Бр. на отсутни кандидати** | **Отсутни кандидати во %** |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 211 | 149 | 62 | 29,38 |
| Албански јазик и литература | 193 | 112 | 81 | 41,97 |
| Турски јазик и литература | 125 | 119 | 6 | 4,80 |
| Англиски јазик | 996 | 758 | 238 | 23,90 |
| Француски јазик | 2 | 2 | 0 | 0,00 |
| Германски јазик | 1 | 1 | 0 | 0,00 |
| Руски јазик | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Математика | 25 | 20 | 5 | 20,00 |
| Филозофија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Естетика | 3 | 2 | 1 | 33,33 |
| **Вкупно** | **1556** | **1163** | **393** | **25,26** |

Бројот на кандидати кои се пријавиле да полагаат во августовскиот испитен рок е многу мал, што е и за очекување. Најчесто во овој испитен рок се пријавуваат кандидатите кои не положиле во јунскиот испитен рок или биле отсутни. Од пријавените кандидати дури 25 % на денот на испитот биле отсутни.

Отсуството на пријавените кандидати од полагањето на испитите (особено во августовската сесија) е проблем со кој се соочува Државниот испитен центар веќе повеќе години наназад. Ваквата состојба уште еднаш ја потенцира економската неоправданост на августовската сесија како што е моментално дефинирана во подзаконските акти.

Имајќи предвид колку екстерни испити полага секој пријавен матурант, вкупно беа испечатени и спакувани 1547 тест-книшки во августовскиот испитен рок. Околу 10 % повеќе беа испечатени тест-книшки и спакуван беше резервнот испитен материјал за секој екстерен испит посебно, односно вкупно испечатени и спакувани беа 1915 тест-книшки.

Како и во претходните испитни години, така и во учебната 2022/2023 година во августовскиот испитен рок постигањата на кандидатите се релативно ниски, но ова е и

за очекување со оглед на структурата на кандидатите (најголем број од кандидатите се оние кои паднале во јунскиот испитен рок).

**Табела 9**: Постигнат успех во августовската испитна сесија по испит

| Испит | **Не положиле** | | **Положиле со оценка** | | | | | | | | **Средна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 25 | 16,78 | 43 | 28,86 | 54 | 36,24 | 25 | 16,78 | 2 | 1,34 | **2,57** |
| Албански јазик и литература | 17 | 15,18 | 24 | 21,43 | 41 | 36,61 | 26 | 23,21 | 4 | 3,57 | **2,79** |
| Турски јазик и литература | 3 | 2,52 | 7 | 5,88 | 44 | 36,97 | 60 | 50,42 | 5 | 4,20 | **3,48** |
| Англиски јазик | 358 | 47,23 | 226 | 29,82 | 139 | 18,34 | 30 | 3,96 | 5 | 0,66 | **1,81** |
| Француски јазик | | 0,00 | 1 | 50,00 | | 0,00 | 1 | 50,00 | | 0,00 | **3,00** |
| Германски јазик | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 1 | 100 | **5,00** |
| Руски јазик | | | | | | | | | | | |
| Математика | 2 | 10,00 | 13 | 65,00 | 2 | 10,00 | 2 | 10,00 | 1 | 5,00 | **2,35** |
| Филозофија | | | | | | | | | | | |
| Естетика | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 2 | 100 | **5,00** |
| **Вкупно** | **405** | **34,82** | **314** | **27,00** | **280** | **24,08** | **144** | **12,38** | **20** | **1,72** | **2,19** |

Августовскиот испитен рок е неоправдан – и од економски и од педагошки причини. Постигањата на учениците се многу ниски, но не се неочекувани земајќи предвид дека најголем број од учениците се оние кои не ги положиле испитите во јунскиот испитен рок или пак немале законско право да ги полагаат во тој рок. Временската разлика меѓу двата испитни рока во една испитна година е многу мала за да може, особено паднатите кандидати, да остварат подобри резултатите. Многу мал е бројот на ученици кои поради други причини (болест, присуство на меѓународни натпревари и сл.) биле отсутни на денот на испитот во јунскиот испитен рок.

## Што се проверува со екстерните испити?

### Македонски јазик и литература/Албански јазик и литература/Турски јазик и литература

Испитните прашања и тестовите за државната матура во учебната 2022/2023 година за предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература се подготвуваа и се темелат на испитни програми и според содржинската структура се исти за трите предмети. Разликата на содржините во тестовниот материјал за предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и

литература и Турски јазик и литература е само во авторите и делата од националната книжевност и некои специфики од подрачјето Јазик.

Во реализираните испитни сесии досега, во рамките на државната матура, содржината на тестовите за Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература е иста повеќе од 80 %. Со исти задачи се проверуваат способностите: Книжевна анализа (за дело и автор од светската литература), Читање со разбирање и Пишување. Разлики постојат само во подрачјето Јазик и при изборот на дела од националната книжевност. Притоа, во прашањата во подрачјето Јазик и за претставниците на националната книжевност се внимава да имаат поставени барања од ист контекст.

Оваа учебна година, на барање на матурантите за олеснување на испитите по мајчините јазици се направија измени во испитните програми. Согласно направените измени (намален е максималниот број на поени на тестот од 80 на 68; скратено е времетраењето на испитот од 240 на 210 минути; намалена е долната и горната границата на бројот на зборови во способноста Пишување) во тест-книшките (за јунската и августовската испитна сесија) бројот на прашањата во однос на претходната учебна година беше намален за 7 испитни прашања, односно за 14 барања.

Во подготовката на испитниот материјал (тест и упатство за оценување) за испитните сесии: јуни и август 2023 за мајчините јазици се почитуваа стандардизирани правила.

Тест-книшката за оваа испитна година содржи 25 прашања со вкупно 55 барања, при што се почитуваше и процентот на исти содржини во тестот за трите предмети за способностите Книжевна анализа, Читање со разбирање и за подрачјето Јазик. Согласно концепцијата на тестот, учениците пишуваа и еден текст со право на избор меѓу две теми кој се вреднува со три критериуми со различен број поени. Насоките за реализацијата и за структурата на испитот беа поставени на веб-страницата на ДИЦ во јануари 2023 година.

Во содржината на тестот, задачите и барањата беа распоредени според способностите, така што:

- со 2 задачи и 16 барања се тестира способноста Книжевна анализа;
- со 2 задачи и 18 барања се тестира способноста Читање со разбирање;
- со 1 задача се проверува способноста Пишување и кон оваа задача се додадени и 21 задача од подрачјето Јазик.

Максимумот бодови што можеа да се добијат изнесува 68 од кои 55 бода се распределени на прашањата од способностите Книжевна анализа и Читање со разбирање заедно со прашањата од подрачјето Јазик кои се бодираа со по еден бод, додека преостанатите 13 бода отпаѓаат на способноста Пишување.

Преку барањата од задачите се проверуваат повеќе цели од испитната програма преку кои се извлечени специфични знаења и умеења од сите способности и подрачјето Јазик.

Учениците за време од 210 минути одговораа на зададените 26 испитни прашања.

**Англиски јазик**

Согласно Испитната програма за Англиски јазик, испитот се состои од три дела. Екстерниот испит по Англиски јазик има цел да ја провери оспособеноста на учениците за читање, пишување и примена на јазичните елементи во контекст. Со делот *Читање* се проверува: колку учениците ја разбираат главната идеја во даден текст на англиски јазик, како ја разбираат логичната поврзаност на речениците во текст и колку ги разбираат лексичките и граматичките обрасци во текстот. Со делот *Пишување* се проверуваат две цели – оспособеноста на учениците да напишат кусо писмо, како и оспособеноста да напишат есеј на позната тема, додека со делот *Примена на јазичните елементи во контекст* се проверува оспособеноста на учениците за примена на лексичките единици, граматичките структури и идиоми во контекст.

Тестот по Англиски јазик подготвен за јунската испитна сесија во учебната 2022/2023 година, содржи 7 прашања со вкупно 33 барања кои учениците ги одговараа за време од 180 минути. Тестот има цел да ги провери знаењата и способностите на учениците од три подрачја: *Читање со разбирање, Примена на јазични елементи и Пишување.* Тестот ја има следната структура: 15 прашања од затворен тип од подрачјето *Читање со разбирање* кои се бодуваа со по еден бод, 30 прашања од отворен тип со куси одговори од подрачјето *Примена на јазични елементи* и 2 прашања од отворен тип со подолг одговор од подрачјето *Пишување* чиј вкупен број бодови изнесува 25. Максималниот број бодови на тестот е 70.

**Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик**

Општата цел на испитите по Германски, Француски и Руски јазик е да се провери на кое ниво учениците се оспособени да разберат прочитан текст, да напишат и применат јазични елементи во контекст.

Проверката на знаењата и способностите на учениците се реализира преку тест кој содржи три дела. Со делот *Читање* се проверува: колку учениците ја разбираат главната идеја во даден текст на германски, односно француски, односно руски јазик, како ја разбираат логичната поврзаност на речениците и колку ги разбираат лексичките и граматичките обрасци во текстот. Ова подрачје во тестот се проверува преку неколку типа прашања: прашања со повеќечлен избор, прашања со поврзување и прашања со пополнување празнини во текст. Вкупниот број бодови на овие прашања изнесува 20.

Со делот *Пишување* се проверуваат две цели – оспособеноста на учениците да напишат писмо (формално и неформално) и оспособеноста да напишат јасен текст на позната тема. Делот Пишување во тестот е застапен со прашања чиј вкупен број бодови е 35, а делот Примена на јазични елементи во контекст е застапен со број на прашања чиј вкупен број бодови е 10. Максималниот број бодови на тестовите по овие странски јазици е 65, а времето на решавање е 180 минути.

**Математика**

Испитот по Математика оваа учебна година се реализираше првпат според нова испитна програма. Испитната програма е заснована на наставните програми од I до IV година од гимназиското и средното стручно образование. Таа ги содржи подрачјата кои се пресек од содржините што се изучуваат во гимназиското и во средното стручно

образование и за кои комисијата која ја изготвила испитната програма проценила дека треба да бидат вклучени во матурскиот испит. Со него се проверуваат знаења и способности од пет математички подрачја распоредени во четири тежински нивоа, и тоа:

- Математичка логика и множества,
- Реални и комплексни броеви,
- Алгебра,
- Геометрија
- Тригонометрија.

Со задачите од способноста C1 се проверува колку учениците ги знаат математичките поими, факти и постапки. Со задачите од втората способност C2 се проверува колку учениците се оспособени да ги користат математичките поими, факти и постапки. Со задачите од способноста C3 се проверува колку учениците умеат да решаваат едноставни проблеми и со задачите од C4-способноста се проверува колку се учениците оспособени да расудуваат, односно да размислуваат логички и систематски.

Општата цел на испитот по Математика е да се провери дали со стекнатото знаење ученикот е подготвен да расудува логички, да решава проблеми, да ги користи соодветно математичкото знаење и способностите во различни контексти; правилно да проценува и одредува методи најсоодветни за решавање дадени проблеми, разбирајќи ја меѓусебната поврзаност на математичките подрачја.

Тестот по Математика во јунскиот и августовскиот испитен рок во учебната 2022/2023 година содржи 30 задачи од наведените подрачја, при што 15 задачи се од затворен тип, 5 задачи се со краток одговор и 10 задачи со целосна постапка на решавање. Времето на решавање на тестот по Математика е 180 минути.

**Филозофија**

Испитниот материјал за предметот Филозофија за државната матура во учебната 2022/2023 година се темелеше на скратената испитна програма. Овој предмет екстерно може да изберат да го полагаат само учениците од средното ликовно училиште. Во изготвувањето на тестовите и упатствата за оценување за испитните сесии јуни и август 2023 година се почитуваа воспоставените правила и процедури за подготовка на тест за екстерен испит во рамките на државната матура, кои се дел од испитната програма за Филозофија.

Тестот за оваа испитна година содржи 46 прашања со вкупно 68 барања.

Во содржината на тестот, прашањата и барањата беа распоредени според подрачјата, а тие се следните:

- Античка филозофија;
- Средновековна филозофија;
- Нововековна филозофија;
- Современа филозофија;
- Филозофија на XX век.

Максимумот бодови што можеа да се добијат на тестот за учебната 2022/2023 е 70.

Учениците предвидените 46 испитни прашања ги одговараа за време од 150 минути.

**Естетика**

Испитниот материјал за предметот Естетика за државната матура во учебната 2022/2023 година се темелеше на скратените испитни програми. Во изготвувањето на испитниот материјал (тест, упатство за оценување) за испитните сесии јуни и август 2023 година се почитуваа воспоставените правила и процедури за подготовка на тест за екстерен испит во рамките на државната матура, кои се дел од испитната програма за Естетика.

Тестот за оваа учебна година содржи 51 прашање со вкупно 60 барања.

Во содржината на тестот, прашањата и барањата беа распоредени според подрачјата, односно:

- Што е уметноста;
- Историја на естетичките идеи;
- Уметноста како комуникација;
- Естетски вредности;
- Уметничко дело;
- Уметностите и нивните карактеристики;
- Улогата на уметникот;
- Вкусот и оценката.

Максимумот бодови на тестот по Естетика за оваа учебна година е 60, а матурантите го решаваа за време од 150 минути.

## Резултати од анализата за психометриските карактеристики на задачите во јунските тестови за екстерните испити од државната матура 2022/2023

Во продолжение следи анализата на резултатите од тестовите од јунската испитна сесија на државната матура 2022/2023, чија цел е проверка на мерните карактеристики на тестовите од јунскиот испитен рок, како и психометриските карактеристики на прашањата и задачите.

### Македонски јазик и литература

Предметот Македонски јазик и литература во учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок на државната матура го полагале вкупно 10539 кандидати од кои испитот го положиле 10403 матуранти, односно само 1,29 % не го положиле испитот. Просечниот процент на решеност на тестот, според добиените резултати од анализата, е 74,79, односно 50,85 бода од максималните 68 бода.

Од приказот на хистограмот, а и од анализата на резултатите се согледува дека тестот спаѓа во категоријата просечно лесни тестови.




Во тест-книшката за оваа испитна сесија беа застапени 39 прашања/барања од отворен вид и 16 прашања коишто имаат барања со повеќечлен избор. Анализата на резултатите на прашањата од јунскиот испитен рок, покажа дека во зависност од видот на прашањата, различно се поставени на скалата до максимумот можни бодови.

Во табелата е прикажан процентот на точни одговори според видот на прашањата (во приказот не се ставени резултатите од способноста Пишување).

**Табела 10:** Тежинско ниво на прашањата според видот

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | **Процент на точни одговори** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
| | **Барања со повеќечлен избор** | 15 | 1 | / | / | / |
| | **Барања од есејски вид** | 22 | 8 | 6 | 2 | 1 |

Според податоците, може да се види дека има поголем број прашања од двата вида со точна решеност меѓу 80 до 100 %. Дури 15 барања со повеќечлен избор се со решеност над 90 %, и само едно (прашање 10) е со решеност од 61 %.

Анализата покажува дека е голем бројот на барања од есејски вид на прашања кои се со решеност меѓу 80 до 100 % (22), осум прашања се со процент на решеност 60 – 79, шест задачи со процент на решеност 40 – 59 додека само 2 испитни барања со решеност од 20 %. Само едно испитно прашање е со решеност под 19 %. Ниски показатели ова испитно прашање покажува и во тест-книшката која се решавала на албански јазик.

Според резултатите, отворените прашања имаат подобри показатели во тестот.

**Табела 11:** Просечен процент на решеност по способности/подрачја

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 78,01 |
| Читање со разбирање | 73,26 |
| Пишување | 50,46 |
| Јазик | 88,69 |

Според резултатите од јунската испитна сесија во учебната 2022/2023 година, се согледува дека учениците се добри во способноста Книжевна анализа, но најдобри знаења покажуваат во подрачјето Јазик. Учениците во оваа испитна сесија имаат послаби постигања во прашањата од способноста Читање со разбирање што не е својствено за оваа способност години наназад. Во анализата на прашањата од оваа способност се согледува дека голем број (особено отворените) имаат добри мерни показатели. Послабите резултати во способноста Читање со разбирање укажува дека причината за оваа состојба можеби се должи на недоволно читање на различни видови текстови во наставата.

За разлика од постигањата во Читање со разбирање, постигањата во Книжевна анализа се повисоки затоа што повеќе наставни часови се посветени на анализа на книжевни дела. Во оваа способност најнизок процент на решеност по прашање е 45, додека највисоката вредност е 95. Според добиените резултати и според увидот во одговорите на учениците во тестовите, се добива впечатокот дека учениците само репродуцираат стекнати знаења од подрачјето Литература и во овој вид прашања постигањата се високи. Додека во прашањата во кои се бара самостојна анализа на книжевен текст, процентот на точна решеност е понизок и се движи од 45 % до 70 %. Во способноста Пишување, постигањата во оваа испитна сесија се најслаби што

укажува на фактот дека пишувањето можеби не се практикува доволно во наставниот процес во нашите училишта.

Следи табелата каде што се прикажани постигањата на матурантите по Македонски јазик и литература во четири последователни испитни години.

**Табела 12**: Споредба на постигањата за предметот Македонски јазик и литература од 2019 г. до 2023 г.

| **Способност/Подрачје** | **Просечен процент на решеност** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2019 г.** | **2021 г.** | **2022 г.** | **2023 г.** |
| Книжевна анализа | 77,99 | 76,43 | 82,14 | 78,01 |
| Читање со разбирање | 79,28 | 63,75 | 77,09 | 73,26 |
| Пишување | 45.21 | 51,64 | 53,68 | 50,46 |
| Јазик | 73,47 | 78,07 | 83,51 | 88,69 |

Според приказот на резултатите, видливо е дека учениците постигаат подобри резултати во подрачјето Јазик, наспроти сите останати способности. Матурантите и оваа испитна сесија, како во сите досегашни реализирани матурски испити, се со најслаби постигања во способноста Пишување. Оваа укажува на предизвикот што се провлекува, а е поврзан со недоволната присутност на пишувањето во наставната практика.

**Албански јазик и литература**

Во учебната 2022/2023 година во јунската испитна сесија, предметот Албански јазик и литература го полагале вкупно 4 149 кандидати од кои испитот го положиле 4059 матуранти или само 2,17 % не успеале да положат.

Резултатите од анализата ги покажаа постигањата на учениците во способностите Книжевна анализа, Читање со разбирање и примена на знаењата од подрачјата Јазик и Пишување. Просечниот процент на решеност според добиените резултати од анализата е 67,18, односно 45,68 бода од максималните 68 бода.



Од приказот на хистограмот, а и од анализата на резултатите се согледува дека тестот спаѓа во категоријата просечно лесни тестови.

Во следната табела е прикажан бројот на барањата според процентот на точни одговори и видот на прашањето (во приказот не се ставени резултатите од способноста Пишување).

**Табела 13**: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| | **Процент на точни одговори** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на прашања според видот** | **Барања со повеќечлен избор** | 15 | 1 | / | / | / |
| | **Барања од есејски вид** | 14 | 11 | 9 | 2 | 3 |

Според дадената табела, во голем број прашања од двата вида, точната решеност е меѓу 80 до 100 %. Во барањата со повеќечлен избор 15 прашања се со висок процент на решеност, т.е. помеѓу 91 % и 100 %, додека само кај едно барање процентот на решеност е 75 % (задача 9).

Според резултатите, отворените прашања имаат подобри карактеристики, но процентот на точна решеност е понизок.

Во учебната 2022/2023 година, во јунската испитна сесија најдобри се постигањата на прашањата во подрачјето Јазик. Релативно добри се и постигањата во способноста Читање со разбирање. Оваа испитна сесија, учениците покажуваат послаби постигања во прашањата од способноста Книжевна анализа. Од анализата на прашањата од оваа способност се согледува дека најголемиот број имаат добри мерни показатели. Постигањата во способноста Пишување и во оваа испитна сесија се најслаби што укажува на фактот дека пишувањето не се практикува доволно во наставниот процес.

**Табела 14**: Просечен процент на решеност по способности/подрачја

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 61,86 |
| Читање со разбирање | 73,71 |
| Пишување | 42,40 |
| Јазик | 80,98 |

Во табелата подолу, прикажана е споредбата на постигањата на учениците по способности и подрачја во четири последователни испитни години (2019 г., 2021 г., 2022 г. и 2023 година). Во сите подрачја и во сите способности постигањата не се константни, т.е. има промени. Послаби постигања за 2023 година се видливи ако се споредат резултатите од 2019 г., 2021 г. и 2022 година за способноста Книжевна анализа.

**Табела 15:** Споредба на постигањата во текот на четири испитни години

| Способност/подрачје | Просечен процент на решеност по година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2021** | **2022** | **2023** |
| Книжевна анализа | 75,31 | 65,99 | 66,96 | 61,86 |
| Читање со разбирање | 79,34 | 60,05 | 82,03 | 73,71 |
| Пишување | 44,91 | 40,62 | 45,79 | 42,40 |
| Јазик | 84,94 | 81,74 | 75,46 | 80,98 |

Учениците покажуваат релативно подобрување во испитната 2023 година во способноста Јазик, но, резултатите/постигањата на останатите три способности во оваа испитна сесија се во надолна линија.

**Турски јазик и литература**

Испитот по Турски јазик и литература на државната матура, во јунскиот испитен рок 2023 г. го полагаа вкупно 345 кандидати. Од вкупната бројка ученици кои го полагале испитот, 224 положиле, додека 35,07 % не го положиле. Резултатот, според просечниот процент на решеност на тестот, е 57,27 %, односно 38,94 поени од максималните 68.




Согласно анализата и од приказот на хистограмот може да се каже дека тестот, главно, спаѓа во категоријата просечно лесни тестови.

Триесет и девет прашања од вкупниот број испитни прашања во тестот се од отворен тип, а 16 се прашања со повеќечлен избор. Со тие прашања се проверуваше оспособеноста на учениците за Книжевна анализа, Читање со разбирање, Пишување и знаења од подрачјето Јазик.

**Табела 16**: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| | **Процент на точни одговори** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на прашања според видот** | **Барања со повеќечлен избор** | 15 | 1 | / | / | / |
| | **Барања од есејски вид** | / | 19 | 14 | 6 | / |

Поголемиот број прашања со повеќечлен избор се со точна решеност меѓу 80 до 100 %, а 13 прашања со решеност над 90 %.

Во тестот по Турски јазик и литература прашањата од отворен тип имаат понизок процент на точна решеност отколку прашањата со повеќечлен избор.

Варираат постигањата на учениците во способностите Читање со разбирање и Пишување додека оваа 2022/2023 испитна година има пад на резултатите на учениците во подрачјето Книжевна анализа.

**Табела 17**: Просечен процент на решеност на задачите во тестот по способности/подрачја

| **Способност/Подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 55,67 |
| Читање со разбирање | 67,55 |
| Пишување | 21,45 |
| Јазик | 71,86 |

Слабите постигањата на учениците  оваа сесија (јуни) во способноста Пишување се должат на непочитување на дадените насоки при креирање текст.

Во табелата што следи дадени се постигањата по способности и подрачја во четири последователни испитни години – 2019, 2021, 2022 и 2023 година. Резултатите посочуваат дека во 2023 година учениците, наспроти трите претходни испитни години (2019, 2021 и 2022 година), покажуваат послаби постигања.

**Табела 18**: Разлики во постигањата на учениците во однос на подрачјата опфатени со испитот во 2019, 2021, 2022 и 2023 година

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2019 г.** | **2021 г.** | **2022 г.** | **2023 г.** |
| Книжевна анализа | 76,88 | 70,36 | 72,21 | 55,67 |
| Читање со разбирање | 76,96 | 60,78 | 75,26 | 67,55 |
| Пишување | 44,92 | 59,20 | 55,55 | 21,45 |
| Јазик | 79,34 | 63,88 | 84,04 | 71,86 |

Учениците имаат најниски постигања во способноста Пишување, кои се воочливо послаби во однос на претходните три години. Исто така и во способноста Книжевна анализа постигањата имаат надолна линија споредено со претходните три години. Оваа состојба укажува дека на часовите по Турски јазик и литература не се

работат доволно содржини и активности кои се поврзани со анализа на книжевни дела.

**Споредбени согледувања**

Во рамките на државната матура 2022/2023 г., учениците на испитите по Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература, во јунскиот испитен рок покажаа различни нивоа на знаења и способности.

Учениците кои го решаваа тестот за испитот Македонски јазик и литература, според подрачјата, имаат најдобри постигања во способноста Јазик и Книжевна анализа, додека матурантите коишто го полагаа испитот Албански јазик и литература, најдобри резултати постигнаа во Јазик и во подрачјето Читање со разбирање. Матурантите кои полагаа Турски јазик и литература во јунскиот испитен рок покажаа најдобри знаења во подрачјето Јазик и во способноста Читање со разбирање. Во способноста Пишување, најдобри постигања имаа учениците коишто полагаа Македонски јазик и литература.

*Впечатокот кој се наметнува за сите три екстерни испити е дека учениците на сите три наставни јазици имаат потешкотии при пишување текст со зададени насоки. Согласно резултатите, но и од увидот во процесот на оценување, се гледа дека на учениците, не им се целосно јасни правилата за содржинско средување на текст, структурирање сопствени мисли во текст со дадени насоки, што, можеби, е последица на недоволно практикување на пишувањето во текот на образовниот процес.*

**Табела 19**: Просечни постигања на учениците по подрачја/способности и наставни јазици

| **Предмет** | **Цел тест** | **Читање со разбирање** | **Книжевна анализа** | **Јазик** | **Пишување** |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 74,79 | 73,26 | 78,01 | 88,69 | 50,46 |
| Албански јазик и литература | 67,18 | 73,71 | 61,86 | 80,98 | 42,40 |
| Турски јазик и литература | 57,27 | 67,55 | 55,67 | 71,86 | 21,45 |

Учениците коишто следат настава на македонски и албански јазик најдобри резултати покажуваат на прашањата од подрачјето Јазик (во прашањата со повеќечлен избор); учениците кои го решавале тестот на турски јазик имаат значителен пад на резултатите во оваа способност споредено со претходните години, како и во одговорите на прашањата од способноста Книжевна анализа. Висок процент на точна решеност учениците од сите три јазика покажуваат на затворените прашања од способноста Читање со разбирање, додека на прашањата во кои учениците треба да дадат суд, свое мислење за даден проблем, точната решеност е помала.

Учениците од гимназиското образование на сите три наставни јазици покажуваат повисоки постигања. Видлива е разликата на постигањата на гимназијалците кои полагале на македонски јазик и турски јазик наспроти учениците од средното стручно и уметничкото образование. Најдобри постигања имаат учениците од гимназиското образование, потоа уметничките училишта, а со најслаби резултати се учениците од средното стручно образование.

**Табела 20:** Просечни постигања според вид на образование

| | Македонски јазик и литература | Албански јазик и литература | Турски јазик и литература |
|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 78,96 % | 68,36 % | 75,92 % |
| Стручно образование | 71,48 % | 66,30 % | 67,08 % |
| Уметничко образование | 73,14 % | 67,78 % | |

Во сите три вида на образование за сите категории ученици според јазикот на наставата најдобри се постигањата во подрачјето Јазик. Видливи разлики во постигањата кај учениците, без разлика на јазикот на наставата, се јавуваат во останатите способности што се проверуваат.

**Табела 21:** Просечни постигања по способности и вид на образование

| | Подрачје/ способност | Македонски јазик и литература | Албански јазик и литература | Турски јазик и литература |
|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | Книжевна анализа | 82,32 | 62,41 | 66,57 |
| | Јазик | 92,00 | 82,69 | 78,95 |
| | Читање | 76,33 | 74,48 | 73,35 |
| | Пишување | 57,39 | 44,07 | 28,59 |
| Стручно образование | Книжевна анализа | 74,46 | 61,32 | 38,30 |
| | Јазик | 86,04 | 79,76 | 60,54 |
| | Читање | 70,85 | 73,20 | 58,31 |
| | Пишување | 44,97 | 41,13 | 10,06 |
| Уметничко образование | Книжевна анализа | 75,93 | 70,83 | |
| | Јазик | 88,00 | 78,35 | |
| | Читање | 71,47 | 69,02 | |
| | Пишување | 48,00 | 45,22 | |

Без разлика на видот на образованието, според резултатите на постигањата на сите јазици на кои се реализираат екстерните испити, најслаби се постигањата во способноста Пишување. Учениците од гимназиското образование кои следат настава на македонски јазик, албански јазик и на турски јазик имаат подобри резултати во подрачјето Јазик. И во средните стручни и уметнички училишта оваа испитна година највисоки се постигањата на учениците во подрачјето Јазик.

Од добиените резултати од сите подрачја/способности и од сите видови образование, би можело да се каже дека резултатите покажуваат – колку и да е соодветно направен пресекот на наставните содржини од гимназиското, стручното и уметничкото образование во испитните програми, различниот број на неделен фонд часови влијае на постигањата кај учениците. Но, исто така, мора да се нагласи и улогата на наставникот и неговата посветеност во процесот на поучување, без разлика на неделниот фонд на часови. Внимателно избраните техники и методи во процесот на поучување значително може да допринесат во подобрување на постигањата на учениците.

Со цел постигнување подобри резултати за способноста Пишување на учениците на екстерните испити по Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература, генерална препорака е во текот на редовната настава, наставниците да одвојуваат повеќе време од редовната настава за следниве активности: пишување различни форми на писмено изразување, со оглед на послабите резултати, примена на теоријата на литература во структурна анализа на книжевни дела, примена на читање со разбирање на различни видови текстови.

**Англиски јазик**

Во јунската испитна сесија, 2023 година, со тестот се проверуваа 3 вештини: Читање со разбирање, Примена на јазични елементи во контекст и Пишување. Учениците освоија во просек 46,98 од вкупно 70 бода, а просечниот процент на решеност на тестот е 63,17 %. Постигањата се малку пониски споредено со оние од минатата година.




Од хистограмот се согледува дека дистрибуцијата на вкупните резултати е насочена кон повисоките вредности и тестот е средно лесен. Најголемата акумулација на кандидати се со 51 бод.

**Табела 22**: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **100 – 80** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **19 – 0** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен вид** | 8 | 4 | 1 | 2 | / |
| **Барања од отворен вид** | 3 | 7 | 5 | 2 | / |

Најголемиот број прашања со точна решеност (80 – 100 %) се од затворен вид (8 од вкупно 15). Останатите 7 ајтеми од затворен тип се во опсег на тежинско ниво од 20 до 79. Во прашањата со барања од отворен тип, во најголем број (7 од вкупно 17), се оние со решеност од 60 % до 79 %, а останатите 10 ајтеми се подобро избалансирани во однос на тежинските нивоа во споредба со оние од затворен вид.

**Табела 23:** Просечни постигања на учениците по категории и подрачја

| **Категорија** | | **Просечни постигања (цел тест)** | **Број на кандидати** | **Просечни постигања (по делови од тест)/ макс. поени** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Читање/15 | Пишување/25 | Јазик/30 |
| Пол | Женски | 46,44 | 7275 | 11,13 | 12,33 | 22,97 |
| | Машки | 41,61 | 6168 | 10,86 | 9,86 | 20,89 |
| Наставен јазик | Македонски | 46,26 | 9062 | 11,34 | 11,79 | 23,13 |
| | Албански | 40,06 | 4076 | 10,30 | 10,08 | 19,68 |
| | Турски | 39,1 | 305 | 10,46 | 8,54 | 20,10 |
| Вид образова ние | Гимназиско | 47,1 | 5464 | 11,26 | 12,36 | 23,48 |
| | Стручно | 42,21 | 7810 | 10,82 | 10,37 | 21,02 |
| | Уметничко | 43,84 | 169 | 11,18 | 11,94 | 20,72 |

Во јунската испитна сесија од вкупно 13443 кандидати кои полагале англиски јазик, 5464 се ученици од гимназиското образование, 7810 се од стручното, а останатите 169 кандидати се од средното уметничко образование. Од нив, пак, 7275 се девојчиња, а 6168 се момчиња. Најдобри постигања имаат кандидатите од гимназиското образование со освоени просечни бодови 47,1, во споредба со кандидатите од средното стручно образование кои во просек освоиле 42,21 бода. Малку подобри од нив се кандидатите од средното уметничко образование со освоени во просек 43,84 бода. Просечниот процент на решеност во гимназиското образование изнесува 67,29 %, во средното уметничко 60,30 %, додека, пак, во средното стручно образование е 62,63 %. Во однос на полот пак, девојчињата со освоени во просек 46,44 бода имаат подобри постигања од момчињата чиј просек е 41,61 бода.

Испитот по англиски јазик избрале да го полагаат повеќе девојчиња во однос на момчињата и нивните просечни постигања се подобри. Исто така, поголем е бројот на кандидати од стручните училишта за полагање на испитот по англиски јазик отколку од гимназиите, но сепак учениците од гимназиското образование имаат подобри просечни постигања од учениците од стручното.

Највисок процент на решеност постигнале учениците кои ја следеле наставата на турски наставен јазик за вештините Читање и Јазик, додека, пак, учениците кои ја следеле наставата на македонски јазик постигнале највисок просечен процент на решеност за вештината Пишување. Сепак, нема значителни разлики во постигањата кај популацијата од различни категории.

**Табела 24:** Споредба на постигањата на учениците во последните четири години според вештини

| Вештина | 2023 | | 2022 | | 2021 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни постигања | Број на бодови по вештина | Просечни постигања | Број на бодови по вештина | Просечни постигања | Број на бодови по вештина | Просечни постигања | Број на бодови по вештина |
| Читање | 73,37 | 15 | 72,21 | 15 | 79,69 | 15 | 68,01 | 20 |
| Пишување | 44,79 | 25 | 51,85 | 25 | 48,64 | 25 | 34,27 | 25 |
| Јазик | 73,39 | 30 | 77,27 | 30 | 66,88 | 30 | 65,01 | 30 |

Споредено со претходните три години, се забележува опаѓање на постигањата кај вештините Пишување и Јазик. Додека пак, кај вештината Читање се забележува благ пораст во однос на минатата година, но споредено со 2021 година просечните постигања за оваа вештина се сепак послаби. Во јунскиот испитен рок се забележуваат добри постигања во делот Примена на јазичните елементи во контекст (Јазик) и Читање со разбирање, но пишувањето аргументиран есеј се покажа дека е предизвик за добар дел од матурантите од јунската сесија 2023 година.

Државниот испитен центар има доволно докази дека најмалку половина од кандидатите за време на испитот, при одговарањето на тест-прашањата се потпреле на вештачката интелигенција (chatGPT) и на други извори, наместо на своето знаење. Од таа причина беа санкционирани од оценувачите. Дваесет и седум проценти од матурантите беа оценети со нула (0) бодови за задачата со број 7 во тестот (пишување текст) од причина што беше забележан плагијат. Се препорачува подготовка на нов концепт на испит по Англиски јазик за стручните училишта кој ќе биде во линија со бројот на часовите на изучување на предметот Англиски јазик, но и воопшто со целите и содржините во наставните програми.

**Германски јазик**

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Германски јазик го полагале вкупно 119 кандидати и сите положиле. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на резултатите добиени се показатели за постигањата на учениците.

Четири прашања од вкупниот број во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Примена на јазични елементи во контекст и Пишување. Според резултатите извлечени од анализата, во просек, учениците освоиле 59,06 од вкупно 65 бода. Просечниот процент на решеност на тестот е 90,86 %.

**Табела 25:** Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **100 – 80** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **19 – 0** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен вид** | 19 | 2 | / | / | / |
| **Барања од отворен вид** | 7 | / | / | / | / |

Најголемиот број прашања со точна решеност (меѓу 80 до 100 %) се од затворен вид. Нема прашања со низок или среден процент на решеност, односно сите прашања се лесни. Истото важи и за прашањата од отворен вид кои се со решеност од 80 до 100 %. Оттаму можеме да заклучиме дека тестот е во категоријата на многу лесни тестови.




Од хистограмот се гледа дека ниту еден кандидат кој го полагал испитот по Германски јазик не освоил помалку од 23 бода, а најголемиот број кандидати освоиле по 63 бода.

**Француски јазик**

Во јунскиот испитен рок на државната матура предметот Француски јазик го полагале вкупно 26 кандидати од кои еден не го положи испитот. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на добиените резултати, добиени се показатели за постигањата на учениците.

Четири прашања од вкупниот број во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Примена на јазични елементи во контекст и Пишување. На тестот од јунскиот испитен рок, во просек, учениците освоиле 54,42 од вкупно 65 бода. Просечниот процент на решеност на тестот е 83,73 %.

**Табела 26**: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **100 – 80** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **19 – 0** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен тип** | 15 | 6 | / | / | / |
| **Барања од отворен тип** | 7 | / | / | / | / |

Од табелата 27 може да се види дека 15 прашања од затворен тип и седум од отворен тип, според опсегот, се лесни прашања. Шест прашања се средно лесни, но нема прашања со средна тежина или тешки прашања.




Хистограмот погоре покажува дека најбројни се кандидатите кои освоиле 63 бода, а по нив се оние со 64 и максималните 65. Исто така, хистограмот покажува дека популацијата кандидати кои го полагаа овој испит во јунската сесија, иако е малобројна, сепак, е невоедначена во однос на постигањата. Се гледа дека еден кандидат освоил пет бода, двајца кандидати освоиле бодови кои се во опсегот за оценка два, а останатите се во опсегот на повисоките оценки.

**Руски јазик**

Во јунскиот испитен рок, испитот по Руски јазик го полагаа вкупно 9 кандидати и сите го положија со оценка 5.

На тестот четири прашања од вкупниот број испитни прашања во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Примена на јазични елементи во контекст и Пишување.

**Математика**

Тестот по предметот Математика, согласно спецификациската шема од испитната програма, содржи задачи од петте подрачја: Математичка логика и множества, Реални и комплексни броеви, Алгебра, Геометрија и Тригонометрија распоредени на четирите тежински нивоа. Испитот по Математика, во јунскиот испитен рок во учебната 2022/2023 година, пријавиле да го полагаат 1397 кандидати. Од нив само 13 кандидати биле отсутни. Кандидатите кои избрале да полагаат Математика се, главно, ученици кои своето образование планираат да го продолжат на техничките факултети.

Просечниот процент на решеност на тестот е 81,49 % односно 49,71 бод од вкупно можни 61 бод при стандардна девијација од 9,99 и стандардна грешка на мерењето од 3,99. Коефициентот Алфа на тестотот по Математика од јунскиот испитен рок е 0,84.




Во тестот од јунскиот испитен рок, 15 задачи се со повеќечлен избор, а преостанатите задачи се од отворен вид (5 задачи со краток одговор и 10 со постапка за решавање). Сите задачи од повеќечлен избор се со 4 дистрактори, при што секој точен одговор се бодува со 1 бод. Од 20 задачи од отворен вид, 5 се бодуваа со по 2 бода, а останатите десет се задачи во кои се бодува секој чекор од постапката на решавање, односно: 5 задачи се бодуваа со по 3 бода, 4 со по 4 бода и една со 5 бода.

Резултатите од анализата покажуваат дека најголемиот број задачи во јунскиот тест имаат добри психометриски карактеристики. Голем број од задачите имаат висок процент на точна решеност, но истовремено се и со добра дискриминативност. Тоа би значело дека тестот е лесен, но и дека ги мери постигањата на учениците. Сепак треба да имаме предвид дека предметот Математика е изборен и избрале да го полагаат само 1384 кандидати, односно го избрале кандидатите кои, пред сè, имаат афинитети кон овој предмет.

**Табела 27**: Процент на точни одговори на задачите во тестот

<table>
<tr><th colspan="3">Процент на точни одговори</th><th>90 – 100 %</th><th>75 – 89 %</th><th>60 – 74 %</th><th>0 – 59 %</th></tr>
<tr><td rowspan="3">Број на задачи според видот</td><td colspan="2">Барања со повеќечлен избор</td><td>13</td><td>0</td><td>2</td><td>0</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Барања од отворен вид</td><td>краток одговор</td><td>2</td><td>2</td><td>1</td><td>0</td></tr>
<tr><td>постапка на решавање</td><td>0</td><td>6</td><td>4</td><td>0</td></tr>
</table>

Во тестот по Математика од јунскиот испитен рок нема задачи во кои просечниот процент на решеност е под 59 %. Половина од задачите се со процент на решеност над 90 %, од кои 13 со повеќечлен избор и 2 со краток одговор. Само две задачи од повеќечлен избор, една со краток одговор и четири со постапка за решавање матурантите ги решиле со процент на решеност помеѓу 60 % и 74 %. Останатите задачи во кои се бодува постапката на решавање матурантите ги решиле со процент на решеност помеѓу 75 % и 89 %.

**Табела 28:** Просечни постигања на учениците по подрачја

| **Подрачје** | **Просечен процент на решеност** | **Број на задачи** | **Максимум можни бодови** | **Стандардна девијација** | **Стандардна грешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| Математичка логика и множества | 81,33 | 3 | 6 | 1,52 | 1,29 |
| Реални и комплексни броеви | 87,56 | 3 | 5 | 1,04 | 0,94 |
| Алгебра | 80,77 | 12 | 25 | 4,63 | 2,62 |
| Геометрија | 79,01 | 9 | 19 | 3,63 | 2,36 |
| Тригонометрија | 87,43 | 3 | 6 | 1,33 | 1,08 |
| **Вкупно** | **81,49** | **30** | **61** | **9,99** | **3,99** |

Матурантите кои избрале да полагаат државна матура по предметот Математика ги имаат совладано сите подрачја застапени во испитната програма.

Просечниот процент на решеност на јунскиот тест е 81,49 %. Најдобри резултати имаат постигнато кандидатите во подрачјето Реални и комплексни броеви, а најслаби во Геометрија, но сепак и за ова подрачје просечниот процент на решеност е висок, односно над 79 %.

Согласно спецификациската шема од испитната програма по предметот Математика, 40 % од вкупните бодови на тестот припаѓаат на подрачјето Алгебра, односно има 12 задачи кои носат вкупно 25 бода од кои: 6 задачи со повеќечлен избор, 2 со краток одговор и 4 со постапка на решавање. Просечниот процент на решеност на шест задачи е над 90 %, а само на една е под 70 % (со постапка на решавање).

Подрачјето Геометрија, во кое кандидатите покажале најниски резултати, е застапено со 9 задачи од кои: 5 задачи со повеќечлен избор, една со краток одговор и три со постапка на решавање. Просечниот процент на решеност на 4 задачи е над 90 %, а на две задачи е под 70 % (една со повеќечлен избор и една со краток одговор).

Подрачјето Математичка логика и множества, согласно испитната програма по Математика за државна матура, е застапено со 3 задачи кои носат 6 бода. Една од задачите е со повеќечлен избор, една со дополнување и една со отворена постапка. Просечниот процент на решеност на задачите од ова подрачје е 81,33. Просечниот процент на решеност на задачите со повеќечлен избор е 96 %, на задачата со дополнување 81 %, а на задачите со постапка на решавање од 77 %.

Исто така, во тестот и подрачјето Тригонометрија и подрачјето Реални и комплексни броеви се застапено со по три задачи. Просечниот процент на решеност на задачите од подрачјето Тригонометрија е: со повеќечлен избор 98 %, со краток одговор 90 %, а со постапка на решавање 82 %. Просечниот процент на решеност на задачите од подрачјето Реални и комплексни броеви е: на двете задачи со повеќечлен избор е над 90 %, а на задачата со постапка на решавање е 84 %.

**Табела 29**: Просечни постигања на учениците по категории и подрачја

| **Категорија** | | **Просечен процент на решеност на тестот** | **Број на канди-дати** | **Просечен процент на решеност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Матема-тичка логика и множес-тва | Реални и ком-плексни броеви | Алгебра | Геометрија | Тригонометрија |
| Пол | женски | 84,31 | 625 | 84,19 | 90,30 | 83,80 | 81,40 | 90,75 |
| | машки | 79,17 | 759 | 78,99 | 85,30 | 78,27 | 77,05 | 84,69 |
| Наставен јазик | македонски | 82,78 | 1258 | 82,26 | 88,00 | 81,76 | 80,69 | 89,85 |
| | албански | 68,40 | 90 | 79,63 | 79,33 | 68,31 | 59,88 | 75,37 |
| | турски | 68,94 | 36 | 53,24 | 92,78 | 77,11 | 68,27 | 32,87 |
| Вид образование | гимназиско | 85,52 | 976 | 83,86 | 92,25 | 85,32 | 82,74 | 91,21 |
| | стручно | 71,84 | 408 | 75,29 | 76,32 | 69,86 | 70,10 | 78,39 |

Најмногу од кандидатите кои имаат избрано да го полагаат екстерно предметот Математика се момчиња, односно околу 55 %. Сепак, вкупните просечни постигања на девојчињата се повисоки во однос на момчињата, а и поединечно во секое од петте подрачјата. Највисоки просечни постигања девојчињата имаат во подрачјето Тригонометрија, а момчињата во Реални и комплексни броеви, а најниски и едните и другите во подрачјето Геометрија. Постојат статистички значајни разлики во просечните постигања на девојчињата и момчињата кои го полагале екстерно предметот Математика.

Многу мал број матуранти на албански и на турски наставен јазик имаа избрано да го полагаат екстерно предметот Математика, односно само околу 10 % од вкупниот број матуранти кои избрале да полагаат Математика. Највисоки вкупни просечни

постигања имаат учениците кои учат на македонски наставен јазик, а најниски оние кои учат на албански наставен јазик. Кандидатите кои ја следеле наставата и на македонски и на албански наставен јазик, најниски постигања имаа во подрачјето Геометрија. Постојат големи разлики во просечните постигањата по подрачја на кандидатите кои ја следеле наставата на турски наставен јазик. Просечниот процент на решеност, на овие кандидати, за подрачјето Реални и комплексни броеви е 92,78 %, наспроти подрачјето Тригонометрија каде е само 32,87 %. Постојат статистички значајни разлики во постигањата на учениците кои полагале на македонски и оние кои полагале на албански наставен јазик, како и меѓу оние кои полагале на турски наставен јазик и на албански наставен јазик.

Од вкупниот број ученици кои избрале да го полагаат екстерниот предмет Математика, околу 30 % се од стручното образование. Споредено со минатата учебна година има зголемување за околу 5 процентни поени. Нивните просечни постигања се пониски во однос на оние од гимназиското образование. Разликите помеѓу просечните постигања на учениците од стручното образование во сите пет подрачја се помали, за разлика од гимназијалците каде можат да се согледаат поголеми разлики во просечните постигања. Постојат статистички значајни разлики во просечните постигањата на учениците од гимназиското и на учениците од стручното образование.

**Филозофија**

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Филозофија го полагале вкупно 5 кандидати и сите положиле.

Во тестот по Филозофија од јунскиот испитен рок во оваа година 29 задачи се од затворен вид, а 17 се од отворен вид. Сите барања се оценуваат со по еден бод за точен одговор. Тестот има вкупно 70 бода. Средната оценка изнесува 5,00.

**Естетика**

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Естетика го полагале вкупно 78 кандидати. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на добиените резултати добиени се показатели за постигањата на учениците. Сите ученици во јунскиот испитен рок го положиле испитот по Естетика.

Во јунскиот испитен рок во тестот по предметот Естетика 32 прашања се од затворен вид, а 15 се од отворен вид. Сите барања се оценуваат со по еден бод за точен одговор. Учениците во просек освоиле 49,05 од вкупно 60 бода. Просечниот процент на решеност на тестот е 81,75, а средната оценка изнесува 4,58.

**Табела 30:** Процент на точни одговори на задачите во тестот

| | **Процент на точни одговори** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | **Барања од затворен вид** | 14 | 6 | 4 | 3 | 3 |
| | **Барања од отворен вид** | 19 | 1 | / | / | / |

Најголемиот број прашања по предметот Естетика во јунскиот испитен рок со точна решеност (меѓу 80 до 100 %) се од затворен вид, но од истиот вид има и прашања со точна решеност во сите останати категории на тежински нивоа. Речиси сите прашања од отворен вид се со решеност од 80 до 100 %, со исклучок на едно. Тестот е во категоријата на средно лесни тестови. Тоа појасно може да се види и на хистограмот што следи.




Од хистограмот се гледа дека ниту еден кандидат не освоил помалку од 39 бода на испитот по Естетика, а најголема акумулација на кандидати има со 50 бода. Исто така, може да се воочи и дека популацијата која го полагаше испотот (иако сепак мала по број) е хомогена по знаење на предметот.

При анализата се забележаа прашања кои отскокнуваат со вредностите, односно има три прашања одговорени од екстремно мал број кандидати.

## Заклучни согледувања и препораки

Државната матура во учебната 2022/2023 година се реализираше почитувајќи ги стандардизираните постапки во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование во сите нејзини фази, почнувајќи од подготовка на испитниот материјал, дистрибуцијата на материјалот, тестирањето, оценувањето и спроведувањето на приговорите.

Согледувањата на Државниот испитен центар од спроведената државна матура во 2022/2023 година укажуваат дека одредени активности треба да се менуваат со цел севкупно подобрување на овој вид испит. Со цел да се добие реална слика на постигањата на учениците неопходно е да има промени, и тоа најмногу во начинот на реализација на денот на испитот. За таа цел ќе биде потребно да се направат измени во Процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура, но и во други релевантни документи.

Според Државниот испитен центар неопходно е итно да се пристапи кон усвојување на новата Концепција за испити на крајот на четиригодишното средно образование, која е изготвена и предадена во МОН уште во 2021 година за да може да се отпочне со реализација. Спроведувањето на завршните испити во средното образование, според новата Концепција за испити на крајот на четиригодишното средно образование, ќе овозможи надминување на предизвиците кои се присутни, особено со воведувањето на модуларните наставни програми во средното стручно образование по општообразовните предмети кои се екстерни испити во рамките на државната матура.

**Во насока на подобрување на реализацијата на државната матура и со цел подигање на квалитетот на средното образование во нашата држава се препорачува:**

- Екстерните испити да се организираат и реализираат во големи простори (спортски сали и училишни холови) со цел овластените набљудувачи да имаат поголема контрола и увид во текот на тестирањето, како и за да се добијат пообјективни резултати од тестирањата. Учениците треба да сфатат дека државната матура е испит за што е потребен сериозен пристап и подготовка во текот на четиригодишното средно образование, а не само неколку дена пред почетокот на испитната сесија. Со овој начин на организација и реализација на државната матура ќе се сведе на минимум можноста учениците да употребуваат мобилни телефони и други недозволени електронски уреди во текот на тестирањето, која во последните неколку години е во пораст.

- Да се почитуваат барањата извлечени од *Компетенции за 21 век од ЕУ* при ревидирање на постоечките наставни програми или при изготвување нови наставни програми по предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература. При изготвување на новите наставни програми треба да се внимава на постоење на заедничко јадро на содржини во сите наставни програми по мајчините јазици, особено во изборот на претставници на странската книжевност;

- Наставниците по Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература во текот на редовната настава да планираат повеќе време во наставата за следниве активности: пишување различни форми на писмено изразување; повеќе вежби за примена на теоријата на литературата со самостојна структурна анализа на книжевни дела (со оглед на послабите резултати во способноста Книжевна анализа); примена на јазикот со стандардизирани секојдневни јазични форми; читање со разбирање на различни видови текстови од различни медиуми; пишување различни форми на писмено изразување;
- Да започне примената на новата Концепција за испити на крајот на четиригодишното средно образование, која е изготвена и предадена во МОН уште во 2021 година за да може да се отпочне со реализација;
- Во наставата по Англиски јазик да се практикуваат повеќе вежби за пишување различни форми во согласност со светските трендови за практикување на странските јазици во наставата;
- Во музичките училишта, да се ревидира наставната програма по Естетика или да се изготви нова во која ќе има можност, во процесот на поучување, применување на повеќе практични вежби на кои учениците ќе можат да прават анализа на различни естетички концепти, да прават критичка анализа на уметничко дело, да определуваат карактеристики на уметнички правци, да проценуваат естетска вредност на уметничко дело и сл.;
- да се ревидира делот од Правилникот кој се однесува на казнените мерки на матурантите со цел најстрого да се санкционира употребата на мобилните телефони и другите електронски уреди за време на испитите;
- Да се забрани користењето мобилни телефони од тестаторите за време на испитите;
- Да се воведе паричен надоместок за полагање на испитите од државната матура за кандидатите од приватните училишта, како и за кандидатите кои полагаат испит(и) повеќе од еднаш;
- Да се воведе паричен надоместок за полагање на испитите од државната матура за кандидатите кои задоцниле со пријавување (најдоцна 60 дена пред почетокот на испитите од државната матура).